# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXXV




Декември 2022 г.

## СОДРЖИНА

2 страна - **Активности на ОН за одбележување на 3 декември**

3, 4 и 5 страна - **Централно одбележување на Меѓународниот ден на лица со попреченост**

6 страна - **Одржана работилница за разгледување на SWOT анализи на локалните организации**

7 страна - **Информации за измени во законската рамка**
**- Одбележување на јубилеј на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш**

8, 9 10 и 11 страна - **Заеднички документ за позиција „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: Најдобриот почеток во животот“**

12, 13, 14 и 15 страна - **Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост**

15 страна - **Мултимедијален настан „Чудата во Алиса“**

16 страна - **Општинско признание „19 декември“ за ЦПЛИП - ПОРАКА Штип**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Декември 2022 г. Број 4, год. XXXV**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Обединетите нации

# Одбележување на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост

Годишното одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост е прогласено во октомври 1994 година, со резолуцијата 47/3 на Генералното собрание на Обединетите нации. Денот е избран во чест на годишнината од усвојувањето на Светската програма на активностите за лицата со попреченост од страна на Генералното собрание, за да се подигне степенот на познавање и разбирање на проблемите на лицата со попреченост и да се зголеми свеста за сето она што ќе се добие доколку тие во секој аспект се интегрираат во општествениот и економскиот живот на заедницата.

Одбележувањето на денот се стреми да го унапредува разбирањето за темите поврзани со попреченоста и да се мобилизира поддршка за достоинството, правата и благосостојбата на лицата со попреченост. Воедно, се стреми да ја зголеми свеста за придобивките што треба да произлезат од интеграцијата на лицата со попреченост во секој аспект од политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот.

**Темата за овогодинешниот меѓународен ден на лицата со попреченост е „Трансформативни решенија за инклузивен развој: улогата на иновациите во поттикнувањето на пристапен и правичен свет “.**

Инспирирани од 77-мата сесија на Генералното собрание, која започна на 13-ти септември на тема „Момент на пресврт: трансформативни решенија за испреплетени предизвици“, и како признание дека светот се наоѓа во критичен момент во историјата на Обединетите нации, време е да се делува и да се наоѓаат заеднички решенија во градењето на поодржлив и поотпорен свет за сите и за генерациите што доаѓаат.

Сложените и меѓусебно поврзани кризи со кои човештвото се соочува денес, вклучително и шоковите кои произлегуваат од пандемијата со КОВИД-19, војната во Украина и другите земји, пресвртната точка во климатските промени, сите претставуваат хуманитарни предизвици од невиден карактер, како и закани за глобалната економија.

Најчесто, во моменти на кризи, лицата кои се наоѓаат во ранливи ситуации, како на пример лицата со попреченост, се едни од најисклучените и се изоставени. Во согласност со главната премиса на 2030 Агендата за одржлив развој „Никој да не биде изоставен“, од суштинска важност е владите, јавниот и приватниот сектор заеднички да најдат иновативни решенија за и со лицата со попреченост за да се направи светот попристапно и правично место за живеење. Глобалното одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост за 2022 година беше околу сеопфатната тема на иновациите и трансформативните решенија за инклузивен развој, опфаќајќи ги во три различни интерактивни дијалози следните под-теми:

- **Иновации за инклузивен развој на попреченоста во вработувањето** (8-ма цел за одржлив развој): овој дијалог ги разгледува врските помеѓу вработувањето, знаењето и вештините потребни за пристап до вработување во иновативен, брзо менувачкиот технолошки пејзаж за сите и како асистивните технологии можат да ја зголемат пристапноста до вработување и да се вклучат во редовите текови на работното место.
- **Иновации за инклузивен развој на попреченоста во намалување на нееднаквоста** (10-та цел за одржлив развој): овој дијалог ги разгледува иновациите, практичните алатки и добри практики за намалување на нееднаквостите во јавните и во приватните сектори, кои се инклузивни за попреченоста и се заинтересирани да ја унапредуваат различноста на работното место.
- **Иновации за инклузивен развој на попреченоста:** спортот како пример: сектор каде што сите овие аспекти се спојуваат, спортот како пример на добра практика и место на иновации, вработување и правичност.

Национално одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост

# Одбележан 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

## Трансформативни решенија за инклузивен развој: улогата на иновациите во поттикнувањето на пристапен и правичен свет

**Во организација на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Министерството за труд и социјална политика и Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија, а во соработка со Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) се одржа свечена седница со којашто се одбележа 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.**

Свечената седница се одржа на 2.12.2022 година во свечената сала на Владата на Република Северна Македонија со присуство на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски, министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, министерот за здравство, Беким Сали, постојаната координаторка на ОН во Република Северна Македонија, Росана Дуѕќак, директорот на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), Давид Оберхубер, претседателот на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Чедомир Трајковски и други чинители во областа на попреченост во нашата држава.

Премиерот во своето излагање истакна: „Драго ми е што денешното обележување го посветуваме на промоција на визијата и приоритетите на новата Национална стратегија за правата на лицата со попреченост од идната 2023 до 2030 година. Кога инвестираме во стратегии и политики на повеќе нивоа ја докажуваме нашата борба против стигмата, против дискриминацијата и сме потсетник и инспирација за секој поединец дека лицата со попреченост ги имаат сите права како секој граѓанин и секое дете, како секој млад човек на оваа држава.

Во оваа прилика сакам да упатам јасен повик до сите министри во Владата, активно да се вклучат во понатамошната разработка на Стратегијата, односно во креирањето на акцискиот план. Воедно, повикувам активностите кои ќе произлезат оттаму, да бидат ставени високо на агендата со што ќе се осигура нивна динамична имплементација. Ако имате само стратегија без нејзина имплементација, тогаш тоа нема да даде резултати.

Лицата со попреченост, мора да бидат вклучени во одлуките што влијаат врз нив. Препораките на ОН јасно повикуваат на конструктивен дијалог со репрезентативните организации. Затоа како Влада досега повеќе пати сме покажале дека здруженијата на граѓани, невладиниот сектор се наши партнери во креирањето политики, стратегии и во носењето одлуки.

Изминативе неколку години се навистина полни предизвици. Пандемијата, економската и енергетската криза, сето тоа придонесе комплетно да ни се измени животот и функционирањето. Сите ние, без разлика кои сме и што сме и од каде доаѓаме, сите ние ги почувствувавме последиците. Но, лицата со попреченост и нивните семејства беа особено погодени.

Затоа посебно се залагав тие да не бидат изоставени од антикризните мерки. Затоа и во пакетот антикризни мерки дадовме финансиска поддршка на социјално ранливите категории граѓани каде лицата кои го користат правото за попреченост, понатаму родителите на децата со попреченост до 26 години, но и лицата со попреченост кои користат право за помош и нега од друго лице добиваат финансиска поддршка од по 3.000 денари.

Почитувани присутни, Република Северна Македонија, ние како Влада, изминативе години сме посветени на почитување на различностите, на обезбедување еднаквост и еднакви можности, на социјална правда и вклученост на сите засегнати чинители во носењето одлуки кои ги засегаат токму нив. Силно сме посветени на општествената кохезија. Апсолутно се стремиме кон општество кое ги почитува сите свои граѓани, кое прави напори да одговори на потребите, и да ги вклучи во сите текови на општественото живеење. Затоа и еден од нашите приоритети е да обезбедиме еднакви можности и инклузија на лицата со попреченост во нашето општество.

Ќе повторам пак, јас често кажувам дека никој нема да биде оставен сам, и тоа навистина го мислам и така и работам. Ова не е време на изобилие во оваа криза, ова е време на солидарност кога треба да им се помага на тие на кои најмногу им треба помош. Оваа држава треба да е дом за сите, треба да обезбеди услови за сите. Лицата со попреченост се наши сограѓани и имаат право на еднакви можности за развој, имаат право да бидат вклучени во сите процеси. Затоа, денес, кога го одбележуваме овој Меѓународен ден на лицата со попреченост, ве уверувам



## Национално одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост





дека оваа Влада и јас лично, ќе сториме сѐ што е во наша моќ за системски да ги решаваме проблемите и заедно со вас да обезбедиме подобар стандард, подобар живот, подобро утре за сите граѓани“, потенцираше премиерот Ковачевски.

Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, на почетокот на своето обраќање истакна: „Ги оствaруваме нашите заложби за едно општество за сите, за еднакви права и можности за сите наши граѓани и повторно ја зацврстуваме вредноста на инклузија како наша највисока цел. Со развојот на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост делуваме и докажуваме дека различностите не се нешто од што треба да се плашиме, напротив, тоа е нешто што треба да го научиме и да живееме со тоа. Различностите го зајакнуваат нашето демократско општество и треба да обезбедиме еднакви услови и еднакви шанси за сите граѓани, без исклучок“.
Таа истакна дека идејата за инклузија за Владата и Министерството за труд и социјална политика е возможна и успешна цел. Министерката посочи дека развојот на човечкиот капитал е клучен патоказ за обезбедување на социјалната сигурност, борба против сиромаштијата, заштита на децата и развој и унапредување на социјалните услуги.

„Водени од премисата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост „Ништо за нас, без нас”, национална стратегија се развива согласно обврските и начелата преземени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и комплементарна со Европската стратегија за правата на лицата со попреченост, врз основа на податоци и анализи направени за моменталната состојба со почитувањето и остварувањето на правата на лицата со попреченост“ изјави Тренчевска.

„Нашата цел е реформирање на старите и отворање нови оддели во здравствените домови за дијагностицирање и интервенции со цел од најмала возраст да се следи развојот на децата. Од 10 планирани стручни тела, досега се отворени: две во Скопје и по едно во Битола, Гостивар и Струмица, додека при крај е подготовката за нивно отворање во Штип, Охрид, Велес, Куманово и Пехчево. Досега се реализирани над 2000 процени, а паралелно почнавме и со издавање на контролните проценки“, рече министерот за здравство, Беким Сали.

Во продолжение следи излагањето на претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, и претседател на НСИОМ, Чедомир Трајковски.

Годинешната тема на Обединетите нации за одбележување на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост, под наслов „Трансформативни решенија за инклузивен развој: улогата на иновациите во поттикнувањето на пристапен и правичен свет“ јасно укажува дека е потребна промена во пристапот преку кои државите, насекаде низ светот, ги третираат правата на лицата со попреченост. Живееме во услови на сложени, меѓусебно поврзани глобални кризи кои во голема мера влијаат врз животите на сите нас, вклучувајќи ги лицата со попреченост. Затоа, потребни ни се иновативни и инклузивни пристапи и решенија, со кои ќе гарантираме дека правата на лицата со попреченост се подеднакво важни и земени во предвид при креирањето и планирањето на јавните политики.

Таквите пристапи секогаш треба да бидат базирани врз соработката помеѓу носителите на одлуки и самите лица со попреченост и нивните репрезентативни организации, што е еден од основните постулати на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (ратификувана од нашата држава во 2011 година). Само преку соработка и дијалог, ние како претставници на лицата со попреченост ќе можеме да ја исполниме нашата мисија – да укажуваме, да придонесуваме и да оствaруваме подобри права за сите лица со попреченост. Поради тоа, потребно да се воспостави континуирана комуникација и соработка помеѓу Владата и организациите на лицата со попреченост, која за жал, не секогаш е на нивото кое го очекуваме.

НСИОМ со своите 7 членки – национални организации на лица со различен вид на попреченост е вклучен во сите поважни иницијативи, при креирање на легислативата и на стратешките документи кои се однесуваат на правата на лицата со попреченост, како партнер на државата. Впрочем за тоа сме денес тука, заедно со Владата, со министерствата и со меѓународните организации, да го одбележиме Меѓународниот ден на лица со попреченост и да укажеме на нужните промени кои очекуваме да се реализираат како приоритетни акции од страна на државата.

А очекуваме многу, затоа што состојбата во која живеат децата, жените и лицата со попреченост треба итно да се подобри. Во услови на економска и енергетска криза, многу е важно да обезбедиме адекватен животен стандард за сите лица со попреченост, во согласност со член 28 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

## Национално одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост

Да, новите антикризни мерки кои ги донесе државата преку Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани за справување со енергетската криза, ги вклучуваат лицата со попреченост и тоа е за поздравување. Но, сепак потребно е долгорочно системско решение, со кое ќе обезбедиме дека секое лице со попреченост ќе биде поддржано од системот на социјална заштита за да има достоинствен животен стандард. Во таа насока, неопходно е сериозна ревизија, проценување на ефикасноста на надоместоците од социјална заштита и нивно зголемување, согласно реалните трошоци за живот и трошоците кои произлегуваат од попреченост.

Во **продолжение ќе ви претставам неколку приоритетни области во кои се потребни итни акции:**

- **Потребна е целосна имплементација на законската рамка за спречување и заштита од дискриминација на лицата со попреченост.**
- **Во однос на пристапноста, потребно е почитување, доследна примена и практична реализација на постоечката законска регулатива и на нормативите за планирање на просторот и за проектирање на објектите со што истите ќе бидат достапни за лицата со попреченост од секоја возрасна група.**
- **Обезбедување на пристап до информации за сите лица со попреченост во пристапни формати: знаковен јазик, аудио формати, брајово писмо, лесно читлив и разбирлив формат за лицата со интелектуална попреченост итн.**
- **Целосно спроведување на Законот за знаковен јазик , односно обезбедување на толкувачи на знаковен јазик по барање на глувите лица и започнување на процесот на Стандардизација на македонскиот знаковен јазик, како и издвојување на потребните средства од страна на МТСП за квалитетно спроведување на процесот;**
- **Основен приоритет е обезбедување на бесплатна здравствена заштита, лекување, третмани и лекови за сите лица со попреченост, без ограничување на возраста на 26 години. Кога е потребно, матичниот лекар на пациентот со попреченост да му препорачува придружник при хоспитализација во болнички услови, без ограничување на возраста со цел успешно да се оствари потребната здравствена заштита.**
- **Обезбедување на пософистицирани ортопедски помагала кои ќе овозможат функционирање и вклучување на лицата со попреченост во секојдневните активности;**
- **Неопходно е да се развијат услуги, програми и сервисни служби за превенција, рано откривање и дијагностицирање и рана интервенција, при воочување на нетипичен развој на новородени, но и следење, третман и рехабилитација.**
- **Потребно е да се осигура континуитет и стабилност на процесот на деинституционализација и ефективна трансформација на големите резиденцијални институции преку имплементација на изработените планови за трансформација.**
- **Обезбедување одржливост на постојните сервисни служби за поддршка, унапредување на нивниот квалитет, како и креирање на нови сервиси за поддршка, врз основа на реална процена на потребите на лицата со попреченост и нивните семејства.**



- **Зајакнување на децентрализацијата и улогата на единиците на локална самоуправа во реформата на системот за социјална заштита и обезбедувањето сервисни служби во местото на живеење преку одржливо финансирање.**
- **Обезбедување на сите потребни материјални, финансиски, инфраструктурни, човечки ресурси за целосно спроведување на позитивната законска рамка за инклузивно образование и целосно напуштање на досегашната практика на сегрегација на учениците со попреченост во сегрегирани образовни средини.**
- **Доследно воведување на моделот на поддржано вработување на лицата со попреченост во новата законска рамка и постепено напуштање на моделот на заштитно вработување.**
- **Воведување на квотен систем на вработување за лица со попреченост во јавната администрација и на отворениот пазар на труд, што овозможи нивно вклучување во редовните текови на општествениот живот.**
- **Промена на системот за одземање и ограничување на деловната способност и воведување на системот на поддржано донесување одлуки.**

Се надеваме новата Национална стратегија за правата на лица со попреченост 2023 – 2030 ќе понуди сериозни решенија за сите овие прашања и предизвици. Сметаме дека документот на новата стратегија кој денес се презентира има потенцијал да ја исполни поставената визија, затоа што целите се поставени доволно широко за да опфатат голем број на приоритетни акции. Но сепак, поучени од претходните искуства, за тоа да се случи, потребно е да се развијат конкретни, остварливи мерки и активности, базирани на реални согледувања на потребите и да се оформат решенија кои ќе бидат дизајнирани во соработка со организациите на лицата со попреченост, согласно нашето мото „Ништо за нас - без нас“.

Само така поставена стратешка рамка, пропратена со силна политичка волја, координиран меѓу-секторски пристап и обезбеден буџет за имплементација, може да доведе суштински позитивни промени во животите на лица та со попреченост во нашата држава.

Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одржана работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.**

РЦПЛИП – ПОРАКА години наназад организира и одржува работилници на кои се разгледуваат и дискутираат изготвените SWOT анализи на локалните организации. SWOT анализата е структуриран метод за планирање на идните стратегии на организацијата, а воедно е мошне корисна и за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, ќе користи за изнаоѓање на начини и модуси за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата со цел уште поефективно да делува во својата област. Исто така, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и на повеќегодишни стратешки планови.

Оваа година Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА одржа работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации. На овие работилници им претходеа состаноци на управните одбори во проширен состав на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА на кои се дискутирало за актуелните состојби во самите организации, и врз основа на донесените заклучоци се изготвиле и SWOT анализите.

Работилницата која ја спроведе РЦПЛИП – ПОРАКА се одржа во периодот 11-13 ноември 2022 година во хотел Романтик, Велес на која учествуваа по двајца претставници од локалните организации.

Првиот дел од работилницата беше целосно посветен на разгледување на SWOT анализите од локалните организации. Секој од учесниците имаше можност да ја презентира изготвената SWOT анализа и да ги прикаже реалните состојби во организацијата и во општината со кои таа се соочува, но истовремено и тешкотиите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во нивното опкружување. Понатаму, учесниците ги презентираа и активностите кои во моментот се актуелни во нивните организации, како и активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период, а водат кон унапредување на квалитетот на живеење за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации, притоа истакнувајќи ги и позитивните примери на успешно работење. Она што како сублимат произлезе од анализата на работењето на секоја организација беше дека треба да се размислува за заземање на поинаков пристап во осмислувањето и реализирањето на активностите. Потребно е да се изнаоѓаат нови видови на активности со цел да се унапреди соработката како со локалните власти, така и со останатите чинители во општината.

Последниот ден беше искористен за презентација и дискусија за новините во процесот на изготвување на Националната стратегија за лица со попреченост 2023 - 2030. Претставниците на РЦПЛИП - ПОРАКА и на локалните организации кои зедоа учество во обуки кои се реализираа во изминатиот период ги презентираа своите стекнати знаења и ги споделија нивните искуства и впечатоци. Крајот на работниот ден беше посветен на работна средба со ангажираните лица во сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА на која се разговараше за актуелните состојби во сервисните служби, како и можностите за унапредување на програмските активности.

Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА. Тоа е од особено значење во градењето и одржувањето на партнерските односи со локалните власти, како би можеле активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење и подобрувањето на квалитетот на нивното живеење.





## Измени во законската рамка

# Информации за новите измени во Законот за заштита на децата и Законот за социјална заштита

Пратениците во Собранието на Република Северна Македонија ги изгласаа измените и дополнувањата на Законот за заштита на децата, со кои се предвидува зголемување на правото на посебен додаток за 15%. Изгласани се и измените и дополнувањата на Закон за социјална заштита со која се дополнуваат критериумите за користење на личната асистенција, односно дополнување со комбинираната попреченост. Исто така, се изгласаа и промени за намалување на возрасната граница кај правото за траен надоместок за родители кои до 26-тата година се грижеле за дете со попреченост без да биде згрижено во институција, односно намалувањето е од 62 на 60 год. за жени и од 64 на 62 год. за мажи.

На 17 ноември 2021 година, Уставниот суд донесе решение за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 2 во делот: „најдоцна до 65-годишна возраст" од Законот за социјалната заштита, врз основа на аргументите дадени во иницијативата на Институтот за човекови права.

Имено, со овој член законот за социјалната заштита создаваше разлики помеѓу лицата со попреченост по основ на возраста, која предизвикува нееднакви можности од пристап до правата од сферата на социјалната заштита, конкретно правото на паричниот надоместок заради попреченост, а со тоа и нееднакви можности во поглед на користењето на самиот надоместок, независно од тоа што и едните и другите се наоѓале во иста ситуација на попреченост од член 44 став 2 од Законот.

На 1.12.2022 година Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе позитивна одлука по иницијативата од институтот за човекови права (у.бр.289/2020) поднесена во 2020 година и оцени дека членот 44 став 2 од законот за социјалната заштита во делот: „најдоцна до 65 годишна возраст" ПРЕТСТАВУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОСНОВ НА ВОЗРАСТ. Судот одлучи да го укине членот 44 став 2 во делот „најдоцна до 65 годишна возраст" од Законот за социјална заштита.

## Одбележување на јубилеј на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Радовиш

# Дваесет годишно јубилејно постоење и работа на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Дневниот центар за лица со умерена и тешка интелектуална попреченост над 18 годишна возраст на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш на 2-ри ноември одбележа 20-годишно јубилејно постоење и работа. Во присуство на пријатели и поддржувачи од чинителите на локално ниво, се потсетивме на почетоците и изодениот пат за да се стаса до денешниот современ дневен центар.

„Почетоците беа тешки, започнавме во стара барака и немавме доби услови за работа. Но, благодарение на поддршката од Општина Радовиш ја добивме оваа зграда, која заедно со РЦПЛИП - ПОРАКА и нашите поддржувачи ја претворивме во она што е денес, еден прекрасен дневен центар со сите услови за работа", рече Татјана Костадинова, вработено лице во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш.

По повод 20-годишното постоење на дневниот центар свое обраќање имаа и Градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, и поранешниот управител на рудникот Бучим, Николајчо Николов. Во името на двата рудници Бучим и Боров Дол, честитки за јубилејот посака и прес-секретарот, Кристина Крстева, која нагласи дека, како и досега, така и годинава продолжува поддршката на дневниот центар преку донација средства за целосна реконструкција на фасадата на зградата, со хидроизолација за заштита од влага.

Благодарност во вид на Повелба која е поставена во дневниот центар и беше посветена на г-ѓа Виолета Димоска како идеен творец на социјалните сервисни служби, дневни центри и социјални клубови, кои функционираат во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА.





## Активности кои произлегуваат од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Заеднички документ за позиција „Интервенција во раното детство насочена кон семејството: Најдобриот почеток во животот“

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост ги промовира гледиштата на повеќе од 20.000 социјални сервисни служби и нивните чадор организации, како и можностите за лицата со попреченост преку ефективни и висококвалитетни системи на сервисни служби. Овој документ за позиција беше подготвен од Форумот на членки за Интервенција во раното детство и финализиран во консултација со неколку мрежи и организации кои се активни во полињата на детски и семејни права, и попречености, на кои им заблагодаруваме за нивниот значаен придонес.**

Целта на овој документ е да се подигне свесноста за тоа што претставува интервенцијата во раното детство, зошто е потребна и да се истакнат клучните предизвици, и на крај, да се формулираат препораки за Европската унија и нејзините земји членки (како и за другите национални власти) за воспоставување на квалитетни системи за интервенција во раното детство (ИРД). Нашата цел е заеднички да го застапуваме правото за интервенција во раното детство за деца и семејства. Спород тоа, овој документ е отворен за одобрување и поддршка од страна на европските и меѓународните мрежи и организации.

### 1. Што претставува интервенција во раното детство насочена кон семејството?

Истражувањата во невронауката покажуваат дека раните искуства на детето овозможуваат цврста основа за понатамошното учење, однесување и физичкото и менталното здравје. Раниот развој на когнитивни, емоционални и социјални вештини е значаен предуслов за идниот развој на детето. Интервенција во раното детство или ИРД е поле на насочени кон семејството, индивидуализирани сервисни служби за бебиња и мали деца (најчесто од 0 – 3 или 0 – 6 годишна возраст) и нивните семејства. Сервисните служби за ИРД помагаат да се идентификуваат, превенираат, надминат или минимизираат ризичните ситуации. Тие го промовираат постигнувањето на потенцијалот на детето, зајакнувањето и добросостојбата на семејството. Овие сервисни служби се особено потребни за децата кои доцнат во развојот, со физички, интелектуални или сензорни попречености, или состојби како аутизам и проблеми со менталното здравје.

Нивните активности се засновани на потребите на семејството и на детето и треба да се пружаат во природното опкружување на детето со активно учество на родителите и другите даватели на грижа следејќи дво(повеќе) генерациски пристап, истовремено работејќи со децата и со возрасните кои се дел од нивниот живот. Тие мора да вклучат процена на потребите на детето и на членовите на семејството, креирање на индивидуализирани семејни планови на услуги, обезбедување на редовни сервиси според потребата, вклучувајќи говорна, физикална и окупациона терапија, програми за комуникација и социјализација, психотерапија дете - родител, советување за родителите и друго.

Сервисните служби за ИРД се клучен елемент во процесот на деинституционализација бидејќи ги зајакнуваат семејствата, придонесуваат во превенција од сместување на децата во институции и во поттикнување на нивната инклузија во образованието. Тие се интегрирани и интердисциплинарни услуги, со целосно учество на здравствените, социјалните и образовните сектори и сите релевантни дисциплини во поддршката на секое семејство и дете.

**Интервенцијата во раното детство насочена кон семејството е...**

- Рана и континуирана. Треба да се започне со работа со децата набрзо по раѓањето или што е можно порано. Раната процена е важна за да се осигура дека детето и семејството ја добиваат потребната поддршка со максимално позитивно влијание.
- Насочена кон семејството. Семејствата се еднакви партнери во планирањето и имплементацијата на ИРД и интервенцијата треба да се копродуцира околу нивните потреби и приоритети. Според тоа, врската со семејствата е клучна за постигнување на успешни резултати. ИРД ги поддржува семејствата и им помага да се фокусираат на развојот на нивното дете, да ги знаат и да ги практикуваат своите права, и да ги носат сите одлуки за добросостојбата на нивното дете.
- Заснована на социјален модел на попреченост. Наместо да се осврнува само на областите на потреби на детето, ИРД, исто така, се фокусира и на проценување на предностите и добросостојбата на семејството, следните чекори во развојот на детето, и поширокиот контекст и мрежата за поддршка во која живее семејството.
- Интензивна. Активностите за поддршка може да се чести, во зависност од потребите на детето и на семејството, и треба да се случуваат во домот и другите природни секојдневни опкружувања на детето.
- Пристапна. Сервисните служби за ИРД мора да се лесно пристапни за сите, достапни со цена за сите семејства, и сервисните служби треба да се наоѓаат што е можно поблиску до домовите на семејствата.
- Трансдисциплинарна, интегрирана и тимска. Семејствата се поддржани од страна на професионалци од различни сектори и дисциплини, кои работат во тимови, за да овозможат една интегрирана сервисна служба за процена, индивидуализирани семејни

## Интервенција во раното детство насочена кон семејството: Најдобриот почеток во животот

планови за услуги и посети, со едно контакт лице или водител на случај за секое семејство и дете.

- Индивидуализирана и заснована на докази. Програмските активности на ИРД се креираат врз основа на потребите на детето и на семејството, нивните предности и приоритети, а се засновани на наоди од истражувања за развој, учење, комуникација и ефективна интервенција за специфични попречености и состојби со постојано следење и евалуација.
- Заснована на најдобриот интерес и учество на детето. Професионалците треба да бидат обучени за методи на интервенции кои се пријателски настроени кон детето и кои осигуруваат соработка со детето, земајќи ги предвид ставовите на децата, и вклучувајќи емоционални реакции и невербални знаци на потреба од отпор. Најдобрите интереси треба да се проценат врз основа на квалитетот на живеење на детето, во согласност со родителите, а не само да се фокусираат на елиминација или намалување на ефектите од попреченоста.

### 2. Зошто е важна ИРД?

Децата со попреченост се несразмерно во поголема веројатност да бидат сместени во институционална грижа отколку нивните врсници без попреченост. Институционализацијата го сегрегира детето од неговата заедница и е штетна за здравјето и развојот на детето, бидејќи ротирачкиот персонал не може да обезбеди стабилност, сигурност и чувство на љубов што детето може да ги добие од долгорочната врска која доаѓа со живеење со семејството. Некои родители го сместуваат своето дете во институција бидејќи не се сигурни како да се справат со попреченоста на нивното дете или како да ги задоволат потребите на детето. ИРД насочена кон семејството го опфаќа сето ова преку зајакнување на родителите и ги поддржува во исполнувањето на нивната улога.

Попреченоста го зголемува ризикот од сиромаштија и социјална исклученост, влошени од нееднаквиот пристап до клучните сервисни служби. ИРД може да игра главна улога во обликувањето на животот на малите деца, вклучително и менталното здравје и благосостојба, и егзистенцијата. Справувајќи се со предизвиците што е можно порано, ИРД може да има значајно влијание врз способноста на детето да научи нови вештини и да го унапредува својот успех во училиштето и во животот. На овој начин, ИРД е од корист за детето, за семејството и за заедницата воопшто.

### Бенефити за детето:

- **Рана детекција на ризик од доцнење во развојот или попреченост:** децата имаат брз развој на мозокот и невропластичност во нивните рани години. Во текот на овој период, сервисните служби за ИРД можат да постигнат максимално влијание во опфаќање на ризиците, доцнењето во развојот и попреченостите. Сервисните служби за ИРД имаат доживотни ефекти, и помагаат во постигнување на целосниот потенцијал на детето.
- **ИРД промовира добросостојба на детето.** Ова опфаќа добра здравствена состојба, исхрана и хигиена, како и ментално здравје, и перцептивни, когнитивни,




јазични, моторни, социо-емоционални, и вештини за прилагодување.

- **Подобра подготвеност за училиште.** ИРД, генерално, ја олеснува инклузијата во предучилишното образование, адаптација во инклузивни образовни средини, со помалку испишувања од училиште и повторувања на одделението, како и подобри идни образовни резултати.
- **Подобри можности понатаму во животот.** Вклучувањето во сервисни служби за ИРД и инклузивно образование може да води кон поголеми можности за учество во општеството и вработување.

### Бенефити за семејството:

- **Превенција од напуштање и институционализација** преку поддршка на креирањето одржливи и сигурни врски дете-родител, и достапни со цена и пристапни сервисни служби за поддршка со решенија прилагодени кон потребите на семејството.
- **Позитивното влијание на родителите врз развојот на детето,** преку пристап за зајакнување заснован на нивното знаење и вештини за развојот и грижата за детето, што се зајакнуваат за време на интервенцијата.
- **Зголемена доверба и чувство на контрола врз сопствените животи.** Родителите учат како да бидат активни партнери и застапници за да се осигура дека потребите на нивното дете се задоволени.
- **Подобрено ментално здравје.** Помал стрес и анксиозност за родителите и подобри врски во рамки на

## Активности кои произлегуваат од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

семејството преку ангажирање и поддршка на целото семејство, помалку чувства на изолација и зајакнување на мрежите за социјална поддршка.

### Бенефити за јавноста:

- **Поврат на инвестицијата.** Висококвалитетни програми од раѓање до петгодишна возраст за деца во неповолна ситуација можат да овозможат вкупна стапка на поврат од 13% годишно (Heckman, 2016).
- **Превентивен пристап.** Сервисните служби за ИРД можат да ги намалат идните потреби за поддршка и скапите услуги за рехабилитација, а со тоа се намалува и притисокот врз здравствените, образовните и услугите од социјална заштита.
- **Прилагодливи заедници.** Заедниците кои даваат приоритет на ИРД се повеќе насочени кон иднината и овозможуваат средини за поддршка на децата и младите лица додека растат.
- **Помала социјална исклученост.** ИРД помага да се намалат ризиците за децата да посетуваат посебно образование, да повторуваат одделенија, рано родителство, и долгорочна зависност од програми на социјална заштита, институционализација на возрасни лица и затворање.
- **Позитивен придонес за општеството.** ИРД отвора можности за децата и им помага да ја развиваат својата личност и да го постигнат својот потенцијал, целосен и независен живот како возрасни. Родителите се повешти и посналодливи.
- **Еднаквост и намалување на сиромаштија.** ИРД помага во создавањето на поеднакво, зрело и хармонично општество.

### Што се случува без ИРД?

Во повеќето од земјите не постои систем на ИРД насочена кон семејството, кој е достапен со цена и расположлив за сите семејства и деца, и ова може да помогне да се објасни високиот процент на деца и возрасни кои живеат во институции (повеќе од 1 милион во ЕУ).

Без квалитетна поддршка, семејствата се во поголем ризик од социјално исклучување и треба да ја исполнат празнината од обезбедувањето сервисни служби, со нивни финансиски ресурси, енергија и време. Ова ги прави општествата понееднакви, со повисок ризик децата да бидат сместени во институции. Последиците за овие деца може да варираат, но најчесто се поврзани со поголем ризик од понизок степен на развој на когнитивните и социјалните вештини, лошата здравствена состојба и исхрана, исклучување од образовниот процес, институционализација како возрасни, помали можности за вклучување во активностите на заедницата и постигнување на нивниот целосен потенцијал.

### 3.Национални системи за ИРД: предизвици и решенија

Во овој дел може да најдете некои од најчестите предизвици при креирање на функционални системи за интервенција во раното детство, и што е потребно на национално и на ниво на ЕУ за тоа да се случи.

### Дефиниција и цели

***Главен предизвик:***

- Креаторите на политики и професионалците честопати немаат заедничко разбирање за тоа што претставува квалитетна ИРД и што таа опфаќа.

***Национални решенија и препораки:***

- Развивање, преку градење консензус, на јасни насоки за ИРД и процедури за програми за ИРД кои опфаќаат теми како што се пристап до сервисни служби, идентификација, процена, подобност, квалитет на сервисни служби, следење на напредокот на семејство/дете и заедничка визија и разбирање меѓу носителите на одлуки за ИРД и нејзините придобивки
- Креирање платформи и кампањи за информирање на креаторите на националните политики и професионалците за квалитетна ИРД насочена кон семејството.

***Решенија и препораки за ЕУ:***

- Развивање насоки од ЕУ за системи за ИРД за земјите членки и земјите што чекаат за влез, и истите да ги разгледаат и да ги вклучат во редовните и релевантни иницијативи во областите на детските права, семејните права, правата во областа на попреченоста и деинституционализација.

### Актуелна состојба

***Главен предизвик:***

- Малку или немање податоци за расположливоста и квалитетот на постојните сервисни служби за ИРД во повеќето земји.

***Национални решенија и препораки:***

- Спроведување на ситуациона анализа за ИРД, мапирање на постојните содржини на програмите за ИРД, методи и добри практики.
- Поттикнување на сите програми за ИРД да вклучат внатрешни процедури за мониторинг и евалуација и изготвување на годишни програми и финансиски извештаи.

***Решенија и препораки за ЕУ:***

- Составување и преглед на постојните дефиниции, рамки, системи и добри практики за ИРД во истражување низ цела ЕУ за политиките и практиките во ИРД. Ова би вклучило мониторинг и евалуација, статус на имплементација на развоен скрининг, развојни и семејни процени, и процедури за услуги во ИРД насочена кон семејството.

### Правна рамка и финансирање

***Главни предизвици:***

- Недостиг на законски рамки и стратешки планови кои ги регулираат, организираат и гарантираат високо-квалитетните и одржливи сервисни служби за ИРД.
- Неадекватно стабилно и одржливо владино и

## Интервенција во раното детство насочена кон семејството: Најдобриот почеток во животот

децентрализирано финансирање на сервисните служби за ИРД, особено за НВОи кои обезбедуваат ИРД.
- Министерствата и различните организации кои се вклучени во ИРД немаат системи за координација на ИРД кои ќе овозможат развој на интегрирани организации и сервисни служби за ИРД. Законодавството за возрасната група од 0 – 3 честопати е целосно под медицинскиот или јавниот здравствен сектор;
- Различни нивоа на пристап до, расположливост и достапност со цена на сервисните служби за ИРД во различни географски области и области со различни приходи и особено во области со ниски приходи, далечни, рурални и островски области.
- Недостиг на развојни инструменти за мониторинг, скрининг и процена на ИРД кои се културно и лингвистички прилагодени и имаат психометриска валидност и веродостојност.
- Недостиг на стандарди за квалитет на сервисните служби и персоналот, поврзано со недостиг на адекватна обука за одредени специфични потреби за поддршка, како на пример аутизам.
- Недостиг на механизми за супервизија, мониторинг, евалуација, мерење на влијанието и контрола на квалитетот за сервисните служби.
- Бирократија што им го отежнува пристапот на семејствата до сервисни служби за ИРД или до финансиска поддршка.

***Национални решенија и препораки:***
- Креирање на мултисекторско тело за координација на ИРД и технички комитет, како и високо советодавно тело за дизајн и имплементација на кохерентен национален систем за ИРД, вклучително и обука пред и во текот на работата во која се опфатени сите чинители, вклучувајќи ги семејствата, организации кои делуваат во областа на правата на детето, обезбедувачи на сервисни служби, како и граѓански организации.
- Подготовка на национален стратешки план за интегрирани и насочени кон семејството сервисни служби за ИРД, за да се постигне заедничката визија, мисија и цели, и што е изграден во копродукција со чинители, вклучувајќи ги давателите на услуги, семејството, организации кои делуваат во областа на правата на детето, а кој:
  - осигурува расположливост и пристапност на сервисните служби и процедури
  - опфаќа национални владини и ЕУ рамки за финансирање, и разновидност на изворите на финансирање
  - овозможува насоки за развивање сервисни служби за ИРД и осигурување координација
  - вклучува јасни, рани и едноставни информации за подобност за развоен скрининг и процеси на упатување за сите деца и семејства, вклучително и оние со деца со сложени потреби за поддршка
  - вклучува рамка за обезбедување квалитет
  - обезбедува систем за мониторинг, евалуација, собирање податоци, анализа и известување за сервисните служби за ИРД.

***Решенија и препораки за ЕУ:***
- Охрабрување на земјите членки да го користат Инструментот за техничка поддршка за да имплементираат реформи во ИРД преку Генералниот директорат на Комисијата за поддршка во структурни реформи.
- Поттикнување на размена на информации и искуства за ИРД помеѓу националните министерства и чинители.
- Вклучување препораки за креирање стратешки планови за ИРД како дел од ЕУ иницијативи за деца, попреченост и грижа (во рамките на Европскиот семестар, Стратегијата за правата на лицата со попреченост, Гаранција за детето и ЕУ стратегијата за грижа).
- Вклучување на мониторинг и евалуација на ИРД како дел од Европската рамка за мониторинг на Европската Гаранција за детето, и Европскиот семестар.

### Обука и услови за работа

***Главни предизвици:***
- На многу земји им недостига јавен систем за обука на професионалци во сервисни служби, како и универзитетски програми за професионалци кои работат во секторот за ИРД.
- Во полето на ИРД често може да се наиде на лоши услови за работа, кои можат да го нарушат континуитетот и квалитетот на сервисните служби што се обезбедуваат.

***Национални решенија и препораки:***
- Развој на сеопфатен и континуиран систем за обука пред и во текот на работата, вклучувајќи креирање на стручно образование и обука, и оддели/курсеви на универзитетите, како и обука на работното место за сите професионалци кои се вклучени во секторот на ИРД, со планирање и финансирање за имплементација.
- Задолжителна периодична обука на работното место и повторна обука за професионалци кои работат со деца и семејства, со супервизија, менторство и механизми за поддршка, како и поттикнување на размени и групи за врсничка поддршка.
- Обезбедување добри услови за работа, расположливост на рефлективна супервизија и поддршка, помош за развивање на интердисциплинарни тимови, како и унапредување на трансдисциплинарни и соодветни нивоа на признавање за персоналот во ИРД.

***Решенија и препораки за ЕУ:***
- Креирање платформа за обука во ИРД, со масовни отворени онлајн курсеви, презентации и онлајн обуки достапни на сите јазици во ЕУ.
- Поддршка на развојот и имплементацијата на национални планови за обука во ИРД за системи на континуирана обука пред и во текот на работата.
- Обезбедување на финансирање за споделување на добри практики, преку размена меѓу организации за ИРД, посети, конференции, меѓународни студиски посети на високо функционални организации за ИРД, и финансирање на научни истражувања за ИРД, на национално и на ниво на ЕУ, преку програми како што се Еразмус+ и Хоризонт Европа.

# Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

**ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш** со свои активности го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 21.11.2022 година во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се реализираа две различни креативни работилници со волонтерите од Црвен крст од Радовиш и корисниците на дневниот центар. Првата работилница беше наменета за запознавање со начините на пружање прва помош, а на втората се креираа ракотворби од глина. На 29.11.2022 година корисниците на дневниот центар го посетија ООУ „Никола Карев“ каде заедно со учениците реализираа креативна работилница за изработка на новогодишни честитки. На 2.12.2022 година во просториите на дневниот центар се организираше настан со цел одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. За време на настанот се промовираше видео запис во кој учествуваа дел од корисниците на дневниот центар, а кои беа вклучени во различни активности на општинскиот Црвен крст во Радовиш заедно со останатите волонтери. Исто така, корисниците од дневниот центар заедно со ученици од СОУ „Коста Сусинов“ изведоа две традиционални радовишки детски игри. Во знак на благодарност, ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш додели благодарници на институции и поединци кои во изминатата година го поддржаа функционирањето на дневниот центар.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци** спроведе неколку активности во рамки на одбележувањето на 3 декември. Претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци остварија средба со Градоначалникот на општина Кавадарци на која се разговараше за потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства на локално ниво. Во просториите на организацијата се реализираше креативна работилница со членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци. Се реализираше и информативна средба на членовите на организацијата со претставници на Центарот за социјална работа со цел информирање за новите законски решенија и антикризните мерки кои ги опфаќаат и лицата со попреченост и нивните семејства. Во спортската сала „Партизан“, се организираа спортско-рекреативни активности. Лицата со интелектуална попреченост, членови на ЦПЛИП -ПОРАКА Кавадарци, имаа можност да играат кошарка, мал фудбал, тегнење јаже, и други спортски и рекреативни игри.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје** реализираше низа активности. Во периодот од 28.11.2022 до 05.12.2022 година беа поставени изложби и реализирани работилници и отворени часови во соработка со општинските основни училишта „Киро Глигоров“ во општина Центар, „Димитар Беровски“ во општина Ѓорче Петров, „Ѓорѓија Пулевски“ и „Љубен Лапе“ во општина Аеродром. Во соработка со СГГУГС „Здравко Цветковски“ се реализираа заеднички спортски активности. Исто така, се дистрибуираше информативен материјал во општинската зграда на Општина Аеродром и во маркети на Тинекс. Во соработка со МНТ, на 2.12.2022 година, корисниците на дневните центри имаа можност да ја проследат театарската претстава „Лагата“. На 10.12.2022 година беше поставена изложба на инсталации, фотографии, лавиринт сензитивен перформанс и концерт на амбиентална музика со наслов „Чудата во Алиса“. Во истиот учество зедоа корисници на дневните центри на РЦПЛИП -ПОРАКА во Скопје заедно со училишни деца со типичен и атипичен развој од училиштата на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Штип** одбележувањето на 3 декември го реализираше во соработка со голем број чинители во општина Штип. На 22.11.2022 година, патронажни сестри од ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Панче Караѓозов“ извршија систематски преглед на корисниците на дневниот центар. На 28.11.2022 година, во соработка со НУ – УБиблиотека „Гоце Делчев“ се реализираше креативна работилница на која учествуваа корисниците во дневниот центар и ученици од ООУ „Гоце Делчев“. На 29.11.2022 година во соработка со СОУ „Коле Нехтенин“, ЦПЛИП – ПОРАКА Штип реализираше работилница на тема кулинарски вештини. На 30.11.2022 ЦПЛИП - ПОРАКА Штип во соработка со Центар за социјална работа, организираше трибина од информативен карактер во однос на законските можности. На 2.12.2022 година, претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип имаа средба со Градоначалникот на општина Штип на која се разговараше за актуелните потреби и проблеми со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства на локално ниво. На 3.12.2022 година членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип реализираа посета на ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“. На 6.12.2022 година, дневниот центар реализираше заедничка активност





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

со Б-Фит и детската градинка КАМП. Корисниците имаа можност да поминат ден во природа и да научат нешто повеќе за природната средина. На 7.12.2022 година, ЦПЛИП-ПОРАКА Штип во соработка со НУ-УБиблиотека „Гоце Делчев“ Штип и Домот на култура „Злетовски Рудар''-Пробиштип реализираше изложба на дела во арапска техника на Верче Андонова, член на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Следеше и креативна работилница на која покрај корисниците на дневниот центар учествуваа и ученици од ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип. На 8.12.2022 година, ЦПЛИП – ПОРАКА Штип на социјалните медиуми промовираше краток видео запис со наслов „Ви праќаме убава ПОРАКА“.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар** со неколку активности го одбележа 3 декември. Во периодот од 20-ти октомври до 20-ти ноември 2022 година организираше конкурс за литературни и ликовни творби, на кој учествуваа ученици од основните и средните училишта во општината. На 2.12.2022 година во присуство на претставници на локалната самоуправа, институции на локално ниво, здруженија на граѓани и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар се одржа настан за одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост. Како израз на признание и во знак на успешната соработка и придонес во остварувањето на програмските активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, беа доделени благодарници. Во текот на овој настан се прогласија најдобрите од спроведениот конкурс за литературни и ликовни творби. На крајот се отвори изложбата на која беа претставени делата на сите ученици на овој конкурс.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп** по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост организираше низа активности. На 30.11.2022 година беше организирано поетско читање со членови од Клубот на литературни творци од Прилеп, ученици од ООУ „Добре Јованоски“ и корисници од социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола. Читајќи ги своите творби, творците беа придружувани на гитара од еден од корисниците на дневниот центар. Корисниците на дневниот центар на 1.12.2022 година ја посетија стоматолошката ординација „Д-р Калцоски“, каде им беше овозможен бесплатен стоматолошки преглед, а воедно и беа запознаени од важноста за грижата на забите. На 1.12.2022 година, корисниците беа во посета на козметичкото студио „Галакси“ во Прилеп каде имаа можност да слушнат за важноста од секојдневната нега на кожата и да им биде направен третман по нивен избор. На 2.12.2022 година, корисниците на дневниот центар ја посетија биохемиската лабораторија Максим. Вработените во лабораторијата ги запознаа корисниците со нивната работа, а по добиените резултати од направената крвна слика, секому посебно му дадоа совети за понатамошна грижа за здравјето. На 5.12.2022 година, градоначалникот на Општина Прилеп, Борче Јовчески, заедно со претставници на локалната самоуправа и директорот на ЈКП Комуналец беа во посета на дневниот центар и се запознаа со дел од секојдневните активности во дневниот центар. Воедно, посетата се искористи да се поразговара и за потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост на локално ниво. На 6.12.2022 година, корисниците на дневниот центар ја посетија лабораторијата во ЈКП „Водовод и Канализација“ и имаа можност да погледнат како се прави хемиска анализа на водата за пиење.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Делчево** меѓународниот ден на лицата со попреченост го одбележа со неколку активности во реализација со останатите чинители на локално ниво. На 2.12.2022 година во просториите на дневниот центар за лица со попреченост во Делчево се реализираше уметнички настан на кој учествуваа и ученици од основните училишта во Делчево. Учесниците рецитираа песни, твореа и се претставија со неколку традиционални народни ора. На 3.12.2022 година во Домот на културата во Делчево се реализираше ликовна колонија на која се изложија уметничките творби. Оваа активност се реализираше во соработка со Домот на културата и основните училишта.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица** оваа година го одбележа 3 декември со низа активности. Централна активност беше кампања за унапредување на безбедноста на лицата со попреченост во сообраќајот. Активностите беа во насока на едукација и подигање на свеста за одговорно учество во сообраќајот. За целите на кампањата, најпрво беа изработени флаери од страна на корисниците на социјалниот клуб, а наменети за возачите и учесниците во сообраќајот, кои на 3 декември беа дистрибуирани. Во рамки на промотивната кампања беше презентиран и видео спот. Со видеото беа пренесени пораки и совети за совесно и одговорно однесување на сите учесници во сообраќајот. Третата активност која се реализираше беше заеднички настан-базар во НУЦК „Антон Панов“ - Струмица, преку кој беше одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост, а воедно беше презентирана и Платформата за инвестиции на заедницата www.cip.mk. На настанот беа претставени ракотворби, новогодишни украси и други креации со новогодишни мотиви, изработени од членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица. Настанот беше од јавен





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

карактер, со кратка културна програма, а присутните, за симболична сума, можеа да ги купуваат ракотворбите и украсите, а парите собрани од продажбата на креациите ќе бидат искористени за набавка на материјали за работа во социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Струмица. Како четвртата активност по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во просториите на социјалниот клуб се реализираше заедничка креативна работилница за рачни изработки на новогодишни честитки и цртежи со учениците од ООУ „Никола Вапцаров" – Струмица.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Битола** реализираше неколку активности со кои го одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во соработка со СОУ „Таки Даскало", корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола заедно со ученици од текстилната струка спроведоа иновативно-инклузивна работилница на која изработуваа накит од текстилни материјали. Во соработка со доброволното противпожарно друштво Архангел беше реализирана работилница на која корисниците на социјалниот клуб имаа можност да слушнат за превентивната заштита од пожари. Корисниците ја посетија и противпожарната станица во Битола, каде се запознаа со противпожарната опрема и средствата за гаснење пожари. ЦПЛИП – ПОРАКА Битола организираше отворен ден во просториите на социјалниот клуб, на кој присутните имаа можност да се запознаат со активностите кои се реализираат во социјалниот клуб, но и оние кои ги реализира ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. Дел од корисниците на социјалниот клуб зедоа учество во поетско читање со литературните творци во Прилеп, настан кој беше организиран од ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп. На 5.12.2022 година, во спортската сала на ООУ „Трифун Пановски" – Битола, беше организиран спортско-инклузивен настан „Игри без граници" во кој покрај членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, учество зедоа и повеќето од училиштата во општина Битола. На настанот присуствуваше и градоначалникот Тони Коњановски кој истакна дека како општина и понатаму ќе даваат поддршка на лицата со попреченост, со цел да се овозможат подобри услови за секојдневното живеење на лицата со попреченост. Покрај градоначалникот, присутни беа и претставници од институциите на локално ниво, родители на лица со интелектуална попреченост, како и соработници на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. На настанот се доделија благодарници на соработниците, кои изминатата година го поддржаа работењето и активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. Се спроведоа и креативно-инклузивни работилници со ООУ „Трифун Пановски" и ООУ „Тодор Ангелевски", потоа учество на новогодишен базар во општина Новаци, како и крводарителска акција.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Виница** по повод 3 декември реализираше неколку активности. На 29.11.2022 година ЦПЛИП - ПОРАКА Виница организираше посета на сограѓани корисници на Специјален Завод Демир Капија и станбените единици. Во исто време во тек е собирна акција на облека, обувки и постелнини кои ќе бидат наменети за корисниците на Специјален завод Демир Капија. На 2.12.2022 година Прогресив Академија и компанијата ВИНЧИНИ, заедно со Музеј ТЕРАКОТА Виница организираше дружење со ликовна изложба од проектот Ликовна Колонија 2022. На настанот се реализираа спортски игри и дружба меѓу корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница, корисниците на дневниот центар во Виница и младинската организација на ОО Црвен крст Виница. Во соработка со Младинската организација на Црвениот крст во Виница се реализираа креативни работилници за изработка на ракотворби. На 7.12.2022 година се оствари работна средба со градоначалникот на општина Виница, Миле Петков. На состанокот се разговараше за изнаоѓање решение за проблемите со просторните можности со кои се соочува ЦПЛИП -ПОРАКА Виница.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица** по повод одбележувањето на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост реализираше неколку активности. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица го посетија шаховскиот клуб „Каменица Саса" каде имаа можност да се запознаат со шаховската игра. Потоа следеше и посета на пингпонгарскиот клуб „Саса". Лицата со интелектуална попреченост заедно со членовите на клубот одиграа неколку игри пинг-понг и го почувствуваа натпреварувачкиот дух. На 2.12.2022 година се организираше културно-забавен настан во просториите на КИЦ Романса на кој членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица ги покажаа своите уметнички таленти. На настанот присуствуваа градоначалникот на општина Македонска Каменица, претставници на локалната самоуправа и претставници на рудникот Саса.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Велес** реализираше неколку активности за одбележување на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост. Активности на тема „И отпадот може да биде користен" започнаа со реализација во месец ноември, во ОУРЦ „Маца Ѓ. Овчарова"-Велес. Учениците се запознаа со процесот на рециклирање и реупотреба на





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

материјалите за отпад. Се спроведоа и неколку акции за собирање на капачиња, шишиња, стари материјали. Потоа следеа и инклузивни работилници за изработка на слики и други експонати од материјали за отпад. Дел од активностите беше и подготовка на видеа за процесот на изработка на експонатите од материјали за рециклирање. Целта на овие активности коишто по повод 3 декември започнаа токму со учениците со попреченост од ОУРЦ „Маца Овчарова"-Велес е да се прошират во сите училишта во Општина Велес. Преку дистрибуција и презентација на видеата до училиштата, сите ученици да се вклучат во собирни акции и изработка на експонати од отпаден материјал, активностите да се одвиваат во текот на цела година, а наредниот 3 декември 2023 година да има изложба на сите изработки и најдобрите да бидат соодветно наградени.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка** со неколку активности го одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во месец ноември беше реализиран конкурс за уметнички и литературни творби на кој учествуваа основните училишта во Крива Паланка и Ранковце. На 2.12.2022 година во просториите на дневниот центар за лица со попреченост во Крива Паланка се одржа настан на кој се говореше за значењето на меѓународниот ден на лицата со попреченост, како и за активностите кои ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка ги реализираше во изминатата година. Воедно, на настанот се доделија и наградите за најдобрите три уметнички и литературни творби.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово** во соработка со останатите чинители на локално ниво реализираше неколку активности по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 2.12.2022 година во ООУ „Лирија" се говореше за значењето на 3 декември како Меѓународен ден на лицата со попреченост, а потоа Театарот Пинокио одигра претстава за учениците и нивните родители. Се организираше и изложба на уметнички творби изработени од учениците. И учениците од ООУ „А.С. Ќикиш", на 2.12.2022 година, се претставија со изложба на уметнички творби и културно уметничка програма во своето училиште. Исто така, и во дневниот центар за лица со попреченост се организираше настан за одбележување на 3 декември, при што се претставија творбите на корисниците и се разговараше околу правата на лицата со попреченост.

## Нова соработка со Театар Пи

# Мултимедијален настан „Чудата во Алиса"

Центарот за изведувачки уметности и едукација Театар Пи реализира мултимедијална кампања со наслов „Чудата во Алиса" во соработка со РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби во Скопје.

Во изминатиот период се реализираа работилници со дел од корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје, како и со ученици со типичен и атипичен развој од основните училишта „Димитар Поп-Беровски", „Мирче Ацев", „Страшо Пинџур" и „Јоаким Крчовски". На овие работилници учениците изработуваа цртежи, скулптури, инсталации и фотографии со помош на дипломирани педагози по применета уметност.

На 10.12.2022 година беше поставена изложбата на инсталации, фотографии, лавиринт сензитивен перформанс, пропратена со концерт на амбиентална музика. Изложбата е поставена во Центарот за култура во Ѓорче Петров.

Како што велат од театар Пи, мултимедијалниот настан ја претставува борбата на „детето" кое се бори да преживее во збунувачкиот свет на возрасните. За да го разбере светот на возрасните, Алиса мора да ја надмине слободоумноста што е карактеристична за децата. Очигледно, на возрасните им требаат правила за да живеат и очигледно на децата им треба една Алиса која ќе ја фатат за рака и заедно ќе преминат од другата страна на огледалото. Токму сите овие аспекти ќе бидат сублимирани во претставата „Чудата во Алиса" чие прикажување се очекува на крајот на месец декември 2022 година. Инаку целата мултимедијална кампања за инклузија на лицата со интелектуална попреченост е поддржана од Министерството за култура на РСМ и Град Скопје.

Театар Пи гостуваше на ФАТ - Фестивал за авторски театар, кој се одржа во Софија - Бугарија во периодот од 16 до 18 декември 2022 година. Претставата „Ништо не е страшно" во која играат и корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, од кои дел и присуствуваа на фестивалот, освои две награди. Едната награда е за најдобра режија за Златко Митрески и Македонка Илиевска, а втората е за синергија за актерска игра.





ПОРАКА

# Наша Страница

## Општинско признание 19 декември за ЦПЛИП - ПОРАКА Штип



Општина Штип традиционално го чествува патронот на градот, Свети Никола.
За достојно одбележување на овој ден, Општината одржува Свечена Академија на која ги доделува најголемите одличја на лица, институции и организации кои го афирмираат и унапредуваат животот во Општина Штип.
Оваа година, Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип, го доби Признанието „19 декември“ за 2022 година за унапредување на состојбата на лицата со попреченост.





Упатуваме голема благодарност до Општина Штип што го препознава нашиот придонес во создавањето на инклузивна заедница за лицата со интелектуална попреченост и се надеваме дека соработката со локалната самоуправа во иднина ќе ја задржиме на високо ниво. Добиеното признание претставува огромна чест и поттик за понатамошна посветена работа за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво.

ISSN 0350-5863